Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл. Весник на РСМ, бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Сл. Весник на РСМ 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24), ВД Директорот на ЈЗУ Специјализирана болница за нефрологија – Струга, на ден: 21.01.2026 година, ја донесе следната:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА Б... ЗА НЕФРОЛОГИЈА - СТРУГА
SPITALI I SPECIALIZ... I NEFROLOGJISË - STRUGË
Бр.Nr. 04-75/1
21.01 2026 г.v.
СТРУГА - STRUGË

## ОДЛУКА
### за избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1.По Јавниот оглас бр. 1128/2025 од 05.12.2025 год. – за вработување на административен службеник во ЈЗУ Специјализирана болница за нефрологија – Струга, објавен во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“ и „Коха“, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, од Предлогот за вработување на кандидати на работно место: **Технички секретар I - преведувач - странски пациенти, во Одделение за правни, општи работи и човечки ресурси, Сектор за административно правни, општи работи и човечки ресурси** – 1 извршител, се избира кандидатот:
----------------------------------------------------------------------------------------------------

**Агиме Бојку**

2. Именуваниот/та ќе биде вработен/а на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

На ден 05.12.2025 година, во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“ и „Коха“,како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, беше објавен Јавен Оглас за вработување на административни службеници во ЈЗУ Специјализирана болница за нефрологија – Струга, за работно место Технички секретар I - преведувач - странски пациенти, во Одделение за правни, општи работи и човечки ресурси, Сектор за административно правни, општи работи и човечки ресурси – 1 извршител.
Во врска со наведениот оглас за работното место, формиарана е Комисија за селекција на вработување по јавен оглас, со Решение бр. 10-2334/4 од 18.11.2025 година, донесено од страна на Директорот на Агенцијата за администрација.
Комисијата спроведе административна селекција на административните службеници и состави Записник под бр.10-2334/10 од 24.12.2025 година по што, Комисијата спроведе испит за административни службеници и за истиот состави Записник, заведен под бр. 10-215/2 од 12.01.2026 година.
На ден 15.01.2026 година Комисијата спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административни службеници и за истото состави Записник, заведен под бр.10-215/3 од 15.01.2026 година.
По спроведената постапка од страна на Комисијата, до Директорот на ЈЗУ Специјализирана болница за нефрологија – Струга, доставена е конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидатите по Јавен Оглас бр.1128/2025 (со архивски број 10-215/4 од 16.01.2026 година).

Согласно член 45 од Законот за административни службеници (Сл. Весник на РСМ, бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Сл. Весник на РСМ 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) раководното лице на институцијата ЈЗУ Специјализирана болница за нефрологија – Струга, по добивањето на ранг – листата на кандидатите и предлогот за за вработување на кандидати со јавен оглас 1128/2025, одлучи како во диспозитивот на Одлуката, каде за работното место со шифра ЗДР 01 02 Г01 001 - Технички секретар I - преведувач - странски пациенти, во Одделение за правни, општи работи и човечки ресурси, Сектор за административно правни, општи работи и човечки ресурси - број на извршители 1, се избира кандидатот Агиме Бојку.

Поради горенаведеното, Директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страната и на огласна табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:

- кандидати
- Агенција за администрација
- персонално досие
- архива

ЈЗУ Специјализирана болница
за нефрологија – Струга
ВД Директор
Д-р Јетмир Зиба